# ПРАВНИ ЗАКЛУЧОЦИ

## Од работната средба на граѓанските оддели на Апелационите судови во Р.М. за воедначување на судската практика одржана на 15-16.12.2016 година

- Побарувањата кои произлегуваат од извршена услуга – вештачење од овластено правно лице – медицинска установа по барање на друго правно лице – суд застаруваат во рок од 3-три години согласно член 363 од ЗОО.

- За вработените во судовите кои вршат помошни технички работи, не може да се примени Колективниот договор за државните, правосудните и локалната самоуправа во однос на платата, туку треба да се примени Законот за судска служба односно вработените како помошно технички персонал вработени во судовите треба да земаат плати во рамките на платите на административно технички службеници.

- Додатокот на плата на име разлика за прекувремена работа е согласно Законот за работни односи и Законот за внатрешни работи и истиот претставува основица за пресметка на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување што тужениот е должен да го исплати во име на тужителот.

- Обрската за регрес за годишен одмор како парично побарување пристигнува и се исплаќа во зависност од тоа како е уредено во конкретен колективен договор.

- Работникот не може да биде активно легитимиран, да бара камата на придонесите од плата од работодавачот.

- Приговорот поднесен од должникот против налогот за извршување за парично побарување (парична казна) кој произлегува од извршна исправа – пресуда донесена во прекршочна постапка не е навремен ако е поднесен по истекот на рокот од 3-три дена од денот на приемот на налогот за извршување, односно од осознавањето на евентуалната неправилност ако во моментот на одлучувањето по приговорот настапила апсолутна застареност на извршувањето на паричната казна.

- Во однос на вработените во судската власт , кои по вработувањето имаат стекнато повисок степен на образование и бараат измена на решението за плата и признавање на повисок степен на образование се признава образованието на вработените кои го имале во моментот на вработувањето, а не образованието кое го стекнале во текот на работниот однос, односно компонентата на плата за образование нема да се зголеми доколку вработениот стекна повисок степен на образование.

- Плаќањето на цените за извршените вештачења и супервештачења треба да се вршат согласно Правилникот за начинот на пресметување на наградата за извршено вештачење или супервештачење и надоместок за реално потребните трошоци донесен од Министерот за правда

- Поранешниот управител на стечајниот должник не може да има својство на единствен сопарничар со стечајниот должник како странка, тужител или тужен во парничната постапка.